Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **виолина** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ВИОЛИНА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2014

## 1. ВОВЕД

Целта на наставата по виолина е на учениците да им се развие љубовта кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот виолина. Наставната програма за виолина е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да ја развива техниката на свирење на инструментот виолина;
- да ја негува љубовта кон класичната музика;
- да ги проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива навика за аналитички приод кон техничко–уметничко интерпретирање на музичките дела
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на емоционалниот живот;
- да придонесува за формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да развива позитивни ставови кон работата и изгради позитивни особини ( одоговрност, дисциплинираност, креативност)
- да ја развива на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;

- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;
- да го развива интересот за активно занимавање со музиката и продолжување на музичкото образование.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ:

Ученикот/ученичката:

- да ја развива и усоврши артикулацијата на левата рака;
- да ги утврди втора, трета, четврта позиција;
- да се запознае со тоновите во петта позиција;
- да се запознае со тоновите во шеста позиција;
- да се запознае со техниката на свирење на двојни ноти;
- да ги утврди штриховите -деташе, легато и мартеле, одделно и комбинирано;
- да се запознае со нови видови штрихови – стакато, сотие;
- да ја развива техниката на десната рака применувајќи различна штрихова техника;
- да го усоврши вибратото;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструментот;
- да ја утвди интонацијата во сите позиции;
- да развива музичка меморија;
- да се запознае со покрупните музички форми: концерт, варијации, сонатина;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви и да ги транспонира во различни позиции;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја развива артикулацијата на левата рака;<br><br>- да ја утврдува четврта позиција;<br><br>- да ја изучува петта позиција<br><br>- да ја приспособува левата рака за правилно поставување во петта позиција<br><br>- да ја изучува шеста позиција<br><br>- да ја приспособува левата рака за правилно поставување во шеста позиција<br><br>- да прави разлика помеѓу четврта и петта позиција;<br><br>- да прави разлика помеѓу петта и шеста позиција; | Развивање на артикулација;<br><br>Правлино поставување на левата рака во петта позиција;<br><br>Правлино поставување на левата рака во шеста позиција;<br><br>Свирење на скали во четврта и петта позиција; | Четврта позиција<br><br>Петта позиција<br><br>Шеста позиција | Технички вежби за артикулација на левата рака;<br>Шрадек: Етида 1 (по 8 и по можмост и 16 ноти легато);<br>Свирење на скали со начини (по 2, 4, 8 и 16 ноти легато);<br><br>Преку скали и вежби да се уврди местоположбата на левата рака во четврта и петта позиција;<br><br>Преку скали и вежби да се уврди местоположбата на левата рака во шеста позиција;<br><br>Технички вежби за премин (од прва во четврта, од втора во четврта, од трета во петта позиција и најразлични комбинации на премини во различни позиции (Е. Генева – Етиди); |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се приспособува за премин од една во друга позиција<br><br>- да ги усовршува и комбинира штриховите легато, деташе, мартеле<br>- да се запознае со штрихот стакато,<br>- да се запознае со штрихот сотие;<br><br><br>- да употребува ВИБРАТО како изразно средство при интерпретација<br>- да работи на усовршување на вибратото<br><br>-правилно да го користи целото гудало, долна и горна половина, средина на гудалото во комбинација со зададените штрихови (влечење на гудалото паралелно со кобилица)<br><br>- да се оспособува за меморирање на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно интонирање; | Свирење на скали во две или три октави во комбинација со зададените штрихови во цели ноти, половини, четвртини и шеснаесини ноти; | Шрихови<br>Деташе<br>Легато<br>Мартеле<br>Стакато<br><br>Сотие<br><br><br><br><br>Вибрато<br><br><br><br><br>Цело гудало<br>Долна половина<br>Горна половина<br>Средина на гудало<br>Етиди ( вежби)<br>Кобилица<br><br><br><br><br><br><br>Интонација | Вежби за усовршување на штрихови;<br>Мареле со контакт од жабица и врв<br>Стакато на едно гудало;<br><br><br>Демонстрирање на вибрато и негово изучување. Се објаснува за видови на вибрато:<br>- вибрато од рака;<br>- вибрато од китка;<br>- вибрато од прст.<br>Вежби за вибрато со метроном;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Учење на зададените композиции на памет;<br><br><br><br><br>Слушање и препознавање на концерт, сонатина, варијации, како и на помали музички форми; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да изучува покрупни музички форми: концерт, варијации, сонатина | Свирење и слушање на покрупни музички форми; | | Свирење Пиеса<br>Свирење Концерт<br>Свирење Варијации |
| - да развива чувсво за формалната структура на изведуваните дела (да прави разлика помеѓу покрупна музичка форма (кончертино, сонатина, варијации) од помала музичка форма (песна, пиеса) | | Концерт<br>Сонатина<br>Варијации<br><br>Пиеса<br>Песна | |
| - да препознава музичка форма Пиеса (Песна)<br>- да препознава музичка форма Концерт | Композиции во форма на Песна;<br>Композиции во форма на Концерт; | | Демонстрира динамичко нијансирање преку композициите кои ги изведува; |
| - да развива чувство за динамичко нијансирање; | Свирење и слушање на композиции со примена на динамичко нијансирање: пијано – форте; форте – пијано; мецофоре, мецопијано; | **p** – пијано (тивко)<br>**f**- форте ( гласно)<br>**Mezzoforte (mf) (**средно гласно)<br>**Mezzopiano (mp)** (средно тивко)<br>**pp** – пијанисимо (многу тивко)<br>**ff** – форисимо (многу гласно)<br>**Crescendo** ( од потивко кон посилно)<br>**Decrescendo** (од посилно кон потивко) | Воочување на јачината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење;<br><br>Слуша музика и препознава темпото, како и промената на темпото; |
| - да развива чувство за промени на темпо; | Свирење на композиции во кои има промени на темпо; | **Ritterdando** – риердандо (успорување)<br>**Accelerando** – ачелерандо (убрзување)<br>**Poco a poco** – поко а поко | Посета на јавни часови и концерти на ученици, како и други манифестации; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава и усовршува свирење со повишувалки, снижувалки и разрешувалки<br>- да применува елементи на правилна интерпретација при свирење песни и вежби;<br>- да дискутира за музичката изразност;<br><br>- да демонсрира свирење на скали во прва,  трета  и петта позиција, со трозвуци во цели, половини, четвртини, осмини и шеснаестини ноти<br>- да демонсрира свирење на комбинирани шрихови;<br><br>- да се запознае со техниката на свирење на двојни ноти во скала (најнапред одделно, а потоа и заедно);<br><br>- да ја разбира содржината и карактерот на композицијата;<br><br>- да развива внатрешен музички слух;<br>- да развива чувство за заедничко музицирање (со пијано придружба); | Свирење на вежби и композиции со повишувалки, снижувалки и разрешувалки;<br><br>Свирење на скали (G-dur, g-moll, A-dur, a-moll) во 3 октави;<br><br>Свирење на терци, сексти и октави (одвоено);<br><br>Свирење со пијано придружба;<br><br>Објаснување за разликата помеѓу камерно и | (посепено)<br><br>**Adagio** - бавно<br>**Moderato** - умерено<br>**Allegro** – брзо<br>**Presto** – многу брзо<br><br>Повишувалки,<br>Снижувалки,<br>Разрешувалки<br><br>Двојни ноти<br>3 терци<br>6 сексти<br>8 октави<br><br>Пијано придружба (корепетиција) | Дискутирање за стекнатите впечатоци;<br>Воочување на карактерот на композицијата;<br>Воочување на темпото;<br>Воочување на промена на темпото;<br>Воочување на динамичко нијансирање<br><br>Свирење на скали и трозвуци<br><br>Свирење на вежби со различни шрихови<br><br>Свирење на двојни ноти во скала<br><br>Слушање музика со пијано придружба<br><br>Слушање музика со камерни состави<br>Слушање оркестарска музика<br><br>Свирење во еден од следниве сосави:<br>дуо, трио, квартет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива чувство за свирење во групи (камрно музицирање и оркестарско музицирање);<br><br>- да свири во дуо, трио, квартет;<br>- да свири во оркестар. | оркестарско музицирање. | Камерно музицирање<br>Оркестарско музицирање<br><br><br>Дуо<br>Трио<br>Квартет | Свирење во оркестар<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема: РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива чувство за ритам;<br>- да се приспособува да применува рамномерна пулсација;<br>- да покажува правилно броењето и тактирање;<br>- да развива чувство за дводелност и триделност;<br>- да разликува дводелен од триделен метар; | Рамномерна пулсација<br>Дводелност (еден – два)<br>Троделност (еден - два -три) | Пулсација | Свирење на цели, половини,четвртини, осмини и шеснаестини ноти.<br>Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што треба да се внимава на правилна распределба на гудалото<br><br>Свирење на пократки нотни вредности - осмини и шеснаестини на различни делови од гудалото |
| - да развива способност за прецизно изведување на ритамот; | Траење на тоновите и паузите | Такт<br>Цела нота<br>Половина нота<br>Четвртина нота | |
| - да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите, како и нивната употреба; | Нотни вредности | Четвртина нота со точка<br>Осмина нота<br>Осмина со точка<br>Шеснаестина нота | Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации |
| | Пунктиран ритам | Шеснаестина со точка<br>Паузи | |
| - да развива способност за извежбување на пасажи свирејќи ги истите во пунктиран ритам; | 2/4 такт;<br>3/4 такт;<br>4/4 такт;<br>6/4 такт; | Пунктиран ритам - осмина со точка и шеснаестина и обратено | Извежбување на пасажи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава тактови;<br><br><br><br><br><br>- да препознава неправилен ритам;<br><br><br>- да се приспособува за ритмичко читање  на нотниот текст. | 3/8 такт;<br>6/8 такт;<br><br>5/8 такт;<br>7/8 такт;<br><br><br>Ритмичко читање на нотен текст (парлато). | <br><br><br><br><br><br>Неправилен ритам<br><br><br><br>Парлато | <br>Воочување на тактот  врз основа на зададениот материјал со тактирање.<br><br>Читање на зададениот материјал.<br><br><br>Слушање (свирење) на македонски фолклор со неправилна ритмика.<br><br><br><br>- Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог .<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часот по виолина треба да вклучува различни видови на музички активности. Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца, кончерино, концерт, варијации, сонатина, музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини. На учениците им се препорачува да преслушуваат повеќе различни изведби на делата кои што ги изведуваат и на тој начин да го развиваат естетскиот вкус, критичкото мислење за вреднување на музичките дела и нивните интерпретации.
Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот.
За пoсликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање, да се применува пеење на нотниот текст.
Се препорачува посета на концерти низ целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

- **Наставни средства:**
  - музички инструмент – виолина;
  - учебници по избор на наставникот (Форунатов III, Волфарт, Кајзер, Генева, Ј. Јорданова II, Шрадек, Мазас –Етиди, Сит II и III, Кројцер, Донт
  - Композиции од Хрестоматија VI, V, VI; З. Маневски III);
  - Концерти: Зајц G-dur, Вивалди g-moll; a-moll( II и III став), Ридинг a-moll во Унгарски стил, Ридинг G-dur (I,III V поз.) Комаровски A-dur (I или II и III став), Аколај a-moll, Хајдн – G- dur, Бах a-moll и др. на слично техничко ниво
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - дидактички средства и материјали;
  - Интернет, образовни софтвери.

МИНИМАЛЕН ОБЕМ НА ГРАДИВО КОЕ УЧЕНИКОТ ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ ТРЕБА ДА ГО СОВЛАДА:

- 4 – 5 дурски или молски скали со трозвуци во три октави;
- 6 – 8 етиди ( вежби) во прва-трета, прва – трета – петта, четврта ( за понапредни ученици во петта и шеста позција );
- 4 – 6 композиции, пиеси ( песни);
- 1 - 2 дела во голема форма (концерт, варијации, сонатина).

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. Во текот на годината се организираат најмалку 2 јавени часови отворени за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

- Оценувањето е бројчано на тромесечие, за полугодие и на крајот на учебната година.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната:

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

**- скала во три октави со трозвуци во I – III – V позиција;**
**- две етиди со различен карактер;**
**- концерт I или II и III став, или соната/сонатина или варијации.**

**Испитната програма се изведува напамет.**

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во втора година може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност, студиска програма виолина и стекнат назив Дипломиран виолинист;
- факултет за музичка уметност, студиска програма виола и стекнат назив Дипломиран виолист.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по **виолина** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14645/1 од 15.09.2014 година
Скопје

Министер

__________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделнение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор